**ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА„**

**СКОПЈЕ**


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА - СКОПЈЕ

| Примено: 28.11.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 16/34 | | |
| Арх. знак: | Рок на чување: | | |


# Д Е Л О В Н И К

## ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ

## "ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА"-СКОПЈЕ

Врз основа на член 127 од Законот за основно образование („Сл.весник „бр.161 од 5 август 2019 год.), и член 25 од Статутот на ООУ„Вера Циривири-Трена"- Општина Карпош,Скопје,Училишниот одбор на својата редовна седница одржана на ден 28.11.2023 донесе:

# ДЕЛОВНИК

## За работа на Училишниот одбор на општинското основно училиште ООУ„Вера Циривири-Трена"-Скопје

## 1.УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник се утврдуваат правилата за работа на Училишниот одбор при ООУ„Вера Циривири-Трена„ (во понатамошниот текст Училишен одбор) и на неговите работни тела.

Член 2

Деловникот содржи одредби за верификација и престанување на мандатот на членовите на Училишниот одбор , за правата и должностите на членовите, за начинот на свикување и претседавање на седниците, за одлучувањето , за актите на Училишниот одбор и постапката за нивно донесување, за изборот , правата и должностите на Претседателот на Училишниот одбор, за изборот на комсиите и другите работни тела на Училишниот одбор како и другите одредби за избор и именување. Деловоникот содржи одредби за други прашања во врска со работата на Училишниот одбор.

Член 3

Училишниот одбор како орган за управувањето работите од својот делокруг ги врши на седница, во согласност со Закон и со акти на основачот. За вршење на одредени работи и задачи од својот делокгруг, Училишниот одбор формира комисии и други постојани и привремени работни тела.

Член 4

Во работата на комисиите и другите постојани и привремени работни тела на Училишниот одбор сообразно се применуваат одредбите на овој деловник.

Член 5

Одредбите на овој деловник се задолжителни за сите лица кои присуствуваат на седниците и учествуваат во работата на Училишниот одбор.

Член 6

Работата на Училишниот одбор е јавна. За остварување на јавноста во работата на Училишниот одбор се грижи Пресtедателот на Училишниот одбор.

Член 7

Со цел да се обезбеди поцелосно известување на јавноста за работата на Училишниот одбор ,Претседателот и членовите на Советот организираат конференции за печатот, по потреба.

Член 8

Училишниот одбор го претставува Претседателот на Училишниот одбор.

## 2.НАДЛЕЖНОСТ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

член 9

(1) Училишниот одбор на основното училиште:

-Донесува статут на основното училиште;

-предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до Советот на Општината, а државните основни училишта до Министерството;

-донесува развојна програма на училиштето;

-предлага финансиски план до основачот;

-предлага завршна сметка до основачот;

-објавува училиштен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија , од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик;

-врши интервју со кандидатите за Директор

-предлага на Градоначалник на Општината ,односно Министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;

-дава предлог до Директор за избор на наставниците и стручните соработници;

-одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште;

-одлучува по жалбите на ученици,родители,односно старатели на ученици ;

-врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште.

(2)Училишниот одбор на основното училиште за поднесени жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесување на жалбата.

(3) Доколку подносителот на жалба е член на Училишниот одбор истиот се иззема од процесот на одлучување на жалбата.

## 3.ВЕРИФИКАЦИЈА И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Член 10

(1) Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во Училишниот одбор ги избира наставничкиот совет со тајно гласање

(2) Претсавниците на родителите односно старателите ги избира Советот на родителите со тајно гласање

(3) Претставниците на училишната заедница се избираат со тајно гласање од ученичкиот парламент, кое се спроведува на почетокот на секоја учебна година.

(4) Постапката за избор на претставниците на вработените на основното училиште , родителите односно старателите во Училишниот одбор на училиштето и на претставниците на училишната заедница се утврдува со статутот на училиштето.

Член 11

Мандатот на членот на Училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршувањето на основното образование на нивното дете , но не подолго од три години.

Член 12

Верификација на мандатите на новоизбраните членови на Училишниот одбор се врши на седница на Советот на основачот.

Член 13

Првата седница на Училишниот одбор за конструирање, се одржува најдоцна петнаесет дена од денот на верификацијата на мандатите.

Член 14

На членот му престанува мандатот во случаите утврдени со законот, Статутот и други акти на Училишниот одбор при ООУ„Вера Цививири-Трена“-Скопје.

Член 15

Секој член на Училиштен одбор има право да поднесе оставка.

Оставката се поднесува писмено до Претседателот на Училишниот одбор. Членот што поднел оставка има право писмено да ги изнесе причините за оставката. Претседателот на Училишниот одбор примената оставка ја става на дневен ред на првата наредна седница на Училишниот одбор.

Член 16

По оставката на членот на Училишен одбор ,Претседателот води претрес. По завршениот претрес гласа за одлука со која се уважува или одбива поднесената оставка.

## 3.ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 17

Членот на Училишниот одбор има право и должност утврдени со Уставот и Законот.

Член 18

Членот на Училишен одбор има право и должност да присуствува и да учествува во работата и во одлучувањето на Училишниот одбор.

Член 19

Членот на Училиштен одбор, кој од оправдани причини е спречен да присуствува на седницата на Училишниот одбор должен е за тоа благовремено да го извести Претседателот на Училишниот одбор, или Директорот на ООУ„Вера Цививири-Трена-Скопје, или накнадно да го оправда своето отсуство. За присуство на членовите на седницата се води евиденција.

Член 20

Секој член на Училиштен одбор има право да присуствува на седниците на работните тела на Училишниот одбор, иако не е член на тие тела и да учествува во нивната работа, без право на одлучување.

Член 21

Во рамките на делокругот на Училишнот одбор членот има право :

- Да донесува предлози за донесување на одлуки, заклучоци и други акти
- Да предлага претресување на прашања кои се однесуваат на работата на Училишниот одбор или на прашања кои се донесуваат на спроведувањето на актот што ги донел.

Член 22

Член на Училишниот одбор има право, на работодавниот орган, Директорот и на другите стручни лица на ООУ„Вера Циривири-Трена“-Скопје, да им поставува прашања кои се однесуваат на нивната работа, или на работата од нивна надлежност.

Член 23

Прашањето може да се постави на седницата усно, а во времето меѓу две седници, писмено преку Претседателот на Училишниот одбор.

Член 24

На усно поставено прашање се одговара на седницата на која е поставено прашањето ,а на писмено поставено прашање се одговара на првата наредна седница. Ако за припремање на одговор на поставеното прашање е нужно време, Училишниот одбор може да определи подолг рок за давање на одоговорот.

Член 25

Членовите ќе бидат постојано и редовно известувани за сите прашања и проблеми, му се потребни за правилно и уредно вршење на нивната функција , а особено :

- За прашањата и предлозите што треба да се претставуваат на седниците на Училишниот одбор на телата на Училишниот одбор чиј член е тој.
- За работата на телата на Училишниот одбор
- За работата на Претседателот на Училишниот одбор
- За остварување на основната програма утврдена со плановите

- За состојбата , проблемите и други прашања од надлежноста на Училишниот одбор.

Член 26

Од стручните служби на основното училиште на членовите на Училишниот одбор задолжително им се доставуваат информации и други материјали, за прашањата што се на дневен ред на седниците на Училишниот одбор или телата чии се членови.

## 4. СЕДНИЦИ НА УЧИЛИШТНИОТ ОДБОР

Член 27

Училишниот одбор одлучува за сите прашања од својот делокруг на седницата. Седницата на Училишниот одбор се одржуваат по потреби.

Член 28

Училиштниот одбор на основното училиште е составен од седум члена :

- Тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето
- Тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и
- Еден претставник од основачот.

Член 29

На седниците на Училишниот одбор, се покануваат и во неговата работа учествуваат , без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

Член 30

Училишниот одбор од редот на своите членови-претставници од родителите, односно старателите, избира Претседател со мнозинство гласови од вкупиот број на членови, по пат на тајно гласање.

Член 31

Секој член на Училишниот одбор може да предложи кандидат за претседател и подпретседател на Училишниот одбор.

Член 32

Седницата на Училишниот одбор ја отвара и води Претседателот, а во негово отсуство Потпретседателот. Во случај на отсутност и спреченост на Претседателот и Подпретседателот, седницата ја отвара најстариот по години член и со неа раководи до изборор на председавачот на седницата.

Член 33

Членовите на Училишниот одбор не смеат меѓусебно и со Директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен , односно страничната линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава.

Член 34

Директорот на училиштето не учествува во работа на Училишниот одбор , но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето може да биде поканет од страна на Претседателот на Училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на Училишниот одбор.

Член 35

Директорот на училиштето не учествува во работата на Училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето може да биде поканет од страна на Претседателот на Училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на Училишниот одбор.

Член 36

Седниците на Училишниот одбор се свикуваат со писмена покана или електронска пошта. Поканата за седницата им се испраќа на членовите најдоцна ТРИ дена пред денот определен за одржување на седницата.

Член 37

Со поканата на членовите им се доставува предлогот на дневен ред, соодветниот материјал за прашањата што се предлагаат на дневниот ред и записникот од предходната седница. Во случај на особена итност, седницата на Училишниот одбор може по исклучок ,да свика усно, без означување на предлог- дневен ред и без доставување на материјали.

Член 38

Претседателот на Училишниот одбор ги организира и свикува седниците и го предлага дневниот ред. Претседателот на Училишниот одбор е должен по предлог на дневниот ред да ги достави материјалите и предлозите кои му се доставени од членовите и од органите на основното општинско училиште до денот на свикувањето на седницата.

Член 39

Дневен ред се утврдува по предлогот од Претседателот во почетокот на седницата. Ако Претседателот на Училишниот одбор во предложениот дневен ред не го внел предлогот што го предложил член на Училишниот одбор или друг орган надлежен за предлагање на материјали за седницата на Училишниот одбор. Училишниот одбор без претрес одлучува дали тој материјал да се внесе во дневниот ред, ако предлагачот остане при својот предлог.

Член 40

Секој член на Училишниот одбор може на хитна седница да предложи на дневен ред на таа седница да се стави определено прашање , но е должен да ја образложи хитноста на тој предлог. По предлогот од предходниот став се одлучува без претрес.

Член 41

По отварање на седницата Претседателот на Училишниот одбор утврдува постоење на потребно мнозинство за одржување на седницата, Ако се утврди дека на седницата не се присутни повеќе од половина од вкупниот број на членови на Училишниот одбор , Претседателот ја одложува седницата за определен ден и час. Во колку во текот на седницата се утврди дека не постои потребно мнозинство, седницата ќе се прекине и Претседателот ќе определи ден и час за продолжување на истата.

Член 42

Од седницата на Училишниот одбор се води записник. Записникот го води секретарот на училиштето.

Член 43

Во записникот се запишува терминот на одржување на седницата, бројот на присутните, односно отсутните членови, дневниот ред, во кратки црти дискусиите, предлозите и нивните предлагачи, изгласаните/неизгласаните заклучоци, ставови и одлуки.

Член 44

Записникот се чита, и усвојува на првата наредна седница на Училишниот одбор, а го потпишуваат Претседателот и записничарот.

Член 45

По утврдувањето на потребното мнозинство за одржување на седницата , Претседателот на Училишниот одбор го става на усвојување Записникот од предходната седница. На записникот може да стави забелешка секој член на Училишниот одбор.За основноста на забелешките, Училишниот одбор одлучува без претрес. Усвоените забелешки се внесуваат во записникот на седницата, а соодветните исправки , дополненија во записникот од предходната седница.

Член 46

Записникот на кој не се ставени забелешки односно записникот во кој соогласно со усвоените забелешки се извршени измени се смета за усвоени. Усвоениот записник го потпишува Претседателот на Училишниот одбор и записничарот.

Член 47

По утврдувањето на дневниот ред се преминува на претрес на одделни прашања, според редот што е утврден со усвоениот дневен ред.

Член 48

На седницата се претресува секое прашање што е ставено на дневен ред пред да се одлучи по него, освен ако со овој деловник е определено да се одлучува без претрес.

Член 49

Секој член на Училишниот одбор и другите присутни лица на седницата имаат право да учествуваат во дискусијата. Никој не може да земе учество во дискусијата пред да добие збор од Претседателот на Училишниот одбор.

Член 50

Учесникот во дискусијата може да дискутира само на прашањето кое е на дневен ред. Претседателот на Училишниот одбор се грижи учесникот во дискусијата да не биде пречен во своето излагање. Учесникот во дискусијата може да го опомене на ред, или да го прекине во говорот само Пртседателот на Училишниот одбор и тоа во случаи ако

учесникот во дискусијата го нарушува редот на седницата, или оддалечи од прашањето кое е на дневен ред. Училишниот одбор може да одлучи, во определени случаи, поединечни дискусии временски да се ограничат.

Член 51

Дискусијата по определено прашање трае и се води се додека по него има пријавено за збор. Претседателот го заклучува претресот откако ќе утврди дека повеќе нема пријавено збор.

Член 52

Претресот по одделни прашања е по правило единствен. Во текот на претресот, за предлогот се расправа во целост, а ако на седницата така се одлучи, може да се расправа по делови и по одделни членови односно точки. Во текот на претресот по текстот на предлогот се расправа и за амандманите кон предлогот.

Член 53

Претресот по прашањето што е на дневен ред на седницата завршува:

- Со донесување на одлука или друг акт;
- Со донесување на заклучок ;
- Со прост премин на наредната точка од дневниот ред.

Член 54

За донесување на одлуки и други акти на седницата на Училишниот одбор , потребно е присуство на мнозинството членови на Училишниот одбор.

Член 55

Полноважечи се одлуките за кои гласало мнозинството од присутните членови, освен ако со закон не е предвидено одлуката да се донесуваат со посебно мнозинство. Гласањето е јавно. Резултатите од гласањето ги утврдува Претседателот на Училишниот одбор.

Член 56

Заклучоците по сите прашања по кои Училишниот одбор расправа на седницата, ги формулира Претседателот, а ги утврдува Училишниот одбор. Училишниот одбор може заради формулирање на заклучокот да образува група од членови на Училишниот одбор и

други лица. Заклучоците од предходниот став ги утврдува Училишниот одбор на првата наредна седница.

Член 57

Членовите гласаат на тој начин , што се изјаснуваат за или против предлогот, или се воздржуваат од гласањето.

Член 58

Ако бројот на гласовите за и против биде подеднаков, гласањето се повторува. Ако и по повторно гласање резултатот остане ист, седницата на Училишниот одбор може да се прекине за петнаесет минути. По прекинот на седницата , се продолжува со дискусијата по предлогот што е предмет на одлучувањето и одново се гласа. Во колку резултатот остане непроменет, прашањето ќе се изнесе на наредната седница на Училишниот одбор.

Член 59

За одржување на редот на седницата се грижи Претседателот на Училишниот одбор. За повреда на редот на седницта , Претседателот може да го опомене учесникот што го повредува редот.

Член 60

За работата на седницата на Училишен одбор се води записник. Записникот соджи основни податоци за работата на седницата, а особено за предлозите што се поднесени на седницата и за одлуките што се донесени. Во записникот се внесуваат резултатите од гласањето по одделни прашања. Членот, кој на седницата извојува и мислење, може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговата изјава.

Член 61

На седницата на Училишниот одбор се водат белешки кои имаат право да ги користат членовите на Училишниот одбор и Раководните органи на Основните училишта.

## 5. РАБОТНИ ТЕЛА НА УЧИЛИШТНИОТ ОДБОР

Член 62

За разгледување прашања и давање мислење и предлози, како и за поднесување решенија по определени прашања од својата надлежност, Училишниот одбор со одделен акт образува комисии и други постојани и привремени работни тела.

Член 63

Постојаните и привремените комисии и другите работни тела се основаат со посебна одлука што се донесува на седницата на Училишниот одбор. Со одлуката за основање на тело на Училишниот одбор се определува неговиот делокруг, овластување и составот.

Член 64

Секое работно тело на Училишниот одбор има Претседател и определен број на членови. Претседателот и членовите се избираат од редот на членовите на Училишниот одбор. Определен број на членови можат да се изберат од редот на стручните лица на основното училиште и други стручни и јавни работници.

Член 65

Работните тела на Училишниот одбор работат на седници. Претседателот на управното тело ги свикува седниците, претседава, предлага дневен ред и се грижи за спроведување на заклучоците на телото.

Член 66

Актите што ги донесуваат телата на Училишниот одбор ги попишуваат Претседателите на тие тела. По однос на начинот на работење на комисиите и другите работни тела на Училишниот одбор, сообразно се применуваат одредбите на овој Деловник, освен ако со одлуката за основање не е поинаку определено.

Член 67

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на Училиштен одбор

Билјана Настеска-Каланоска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ